37

МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ

Блаже Ристовски

ДИМИТАР В. МАКЕДОНСКИ

МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ СКОПЈЕ



Блаже Ристовски

Димитар В. Македонски во македонската историја и култура

ПО ПОВОД 150-ГОДИШНИНАТА ОД РАЃАЊЕТО И 100-ГОДИШНИНАТА ОД СМРТТА (1848-1898)

Во нашите учебници меѓу учебникарите од XIX век обично само се споменува и учителот Димитар Македонски. Има и основно училиште во Скопје што го носи неговото име. Но одвај ли некој знае нешто повеќе за животот и дејноста на овој македонски културно-национален деец. Се повторуваат главно податоците што патем своевремено ги даде тогаш младиот, но луциден славист Блаже Конески во 1949[1] и посебно во 1957[2] година. Врз основа на скудните податоци, соби-

[1] Блаже Конески, *Македонските учебници од 19 век. Еден прилог кон македонската преродба*, Скопје, 1949, 46; истиот, *Кон македонската преродба. Македонските учебници од 19 век.* Втсро издание, Скопје, 1959, 46–47.

[2] Блаже Конески, *Еден учебник од Димитар Македонски*, „Нова Македонија“, XIII, 4083, Скопје, 11. X 1957, 8.

рани главно од современиот расположив периодичен печат и од спомените на современиците, пред 40 години се обидовме да ги обележиме контурите на неговиот профил[3], а во 1970 година Драги Стефанија[4] ги прокоментира и некои податоци што ги дава самиот Македонски во своите „Лични спомени"[5] што беа објавени во неговиот весник „Съгласие" во 1894–1896 година. Најпосле, пред една деценија, веќе врз побогат расположив изворен материјал, направивме и поопширна монографска студија[6] за овој навистина сеуште недостатно проучен македонски труженик.

1.

Димитар Василев Македонски живее во пресудно важниот период од македонската историја – од зачетоците на борбата за културно-на-

---

[3] Блаже Ристовски, *Димитар Василев Македонски (1847–1898)*, „Разгледи", I (серија трета), 1, Скопје, 1958, 69–83.

[4] Драги Стефанија, *Околу активноста на Димитар Василев Македонски во Македонија (1868–1870) и неговиот јазик*, „Литературен збор", XVII, 6, Скопје, 1970.

[5] *Изъ дневника на Единъ Бѫлгарски учитель. (Лични въспоминания), Часть първа. (Прѣди Русско-Турската война) (1868–78)*, „Съгласие", I, 1, София, 18. VI 1894, 2–3 – и следните броеви како подлисник.

[6] Д-р Блаже Ристовски, *Портрети и процеси од македонската литературна и национална историја. Прилози за развитокот на македонската културно-национална мисла*, I, Скопје, 1989, 331–473.

ционално будење, преку акциите за обновување на Охридската архиепископија и за воведување на словенскиот јазик во црквите и македонскиот во училиштата, па сè до оружената борба за политичко ослободување и државно конституирање на Македонија. И тој, како впрочем и голем број наши истакнати дејци од минатиот век, е од југозападните краишта на македонската земја.

Како и за мнозина наши заслужни историски личности, и за Д. В. Македонски, барем засега, не располагаме со датумот на раѓањето. Дури и годината уште не е уточнета. И самиот кажува дека е роден во „селото Емборе во Македонија, Битолски вилает, Серфиџенски санџак, Џумајска (Кајларска) каза“[7], но за датумот во пишувањата најчесто се наведува само годината 1847. Меѓутоа, во некрологот по повод неговата трагична смрт, објавен во егзархискиот орган „Новини“, што тогаш самиот го уредуваше, е дадена годината 1848 и единствено сигурниот датумот на неговата трагична смрт: 21 февруари 1898 година[8]. Следствено, Димитар Василев Македонски е роден пред 150 години, а починал пред токму 100 години. Тоа е и поводот за нашиов Свечен собир.

---

[7] Д. В. Македонски, *Лѣтопись,* „Съгласие“, I, 12, 3. IX 1894, V.

[8] *Д. В. Македонски,* „Новини“, VIII, 33, Цариградъ, 27. II 1898, 1; „Гласъ Македонски“, X, 9, София, 1. III 1898.

По завршувањето на основното грчко училиште во селото[9], на 17-годишна возраст[10], отишол кај татка си што бил на печалба во Цариград и го продолжил школувањето во грчкото Големо народно училиште, а потоа и во еден приватен грчко-француски лицеј. Подоцна учи и во Бугарското училиште при цариградската црква „Св. Стефан"[11]. Така, покрај македонскиот, турскиот и грчкиот, постепено ги совладал и францускиот, италијанскиот, германскиот и бугарскиот јазик, а подоцна и рускиот и англискиот.

2.

Токму во периодот кога учел во Бугарското училиште во Цариград, согледувајќи ја разликата на македонскиот од бугарскиот и сфаќајќи ја потребата на училиштата во Македонија, ученикот Димитар Македонски се зафатил прв (по Анатолија Зографски[12] и Партенија Зографски[13])

---

[9] А. Шоповъ, *Изъ живота и положението на българитѣ въ вилаетитѣ*, Пловдивъ, 1893, 229–231; Кузман Георгиевски, *Димитар Василев Македонски*, „Иселенички календар 1997", Скопје, 1997, 59–61.

[10] Антон П. Стоилов, *Бѫлгарски книжовници от Македония 1704–1878, с 11 портрети*, I, София, 1922, 86.

[11] *Изъ дневника...*, 2–3.

[12] Д-р Симон Дракул, *Архимандрит Анатолиј Зографски*, ИНИ, Скопје, 1988, 347–359.

[13] Блаже Конески, *Кон македонската преродба*, 26–43.

да пишува учебници за Македончињата на родното „македонско наречје“. Така, уште на 12 февруари 1867 година весникот „Македонія“ ја објави кратката вест: „Двајца од македонските ученици во нашето народно училиште овде составуваат еден нов буквар на македонското наречје; тие повикуваат за помош од своите сотатковинци за неговото поскорешно издавање“[14]. И вистина, некаде во првата половина на мај 1867 година се појавува во Цариград првиот учебник „*Букварь за употрѣбеніе въ македонскы-те училища*“, како заедничко издание на Димитар В. Македонски и охриѓанецот Димитар Хр. Узунов (таткото на послешниот познат учител и илинденски револуционер Христо Узунов).

Речиси истовремено, во истата 1867 година, во Цариград (веќе како самостоен автор) Димитар Македонски го објавува и вториот учебник „*Кратка священна исторія за училища-та по Македоніѭ (на македонско нарѣчіе)*“[15]. За да ја задоволи програмската потреба за учебници на родниот јазик во училиштата по Македонија, мла-

[14] „Македонія“, I, 12, Цареградъ, 18. II 1867, 4 – според д-р Маньо Стоянов, *Българска възрожденска книжнина. Аналитичен репертоар на българските книги и периодични изания 1806–1878*, II, София, 1959, 494 (№ 14210) и 608 (№ 17150).

[15] Блаже Конески, *Македонскиот XIX век...*, 46–47; Драги Стефанија, цит. прилог, 17–19.

диот Македонски во почетокот на 1868 година го напечатува и својот трет учебник „*Скратенъ православенъ катехизисъ*“[16], но веќе со нагласка дека е превод од грчки, дури и без наведување на авторот на преведувачот и издавачот.

Сите овие учебници се појавуваат непосредно пред серијата учебници „на македонското наречје“ од Кузман Шапкарев[17] и цела деценија пред оние на Венијамин Мачуковски[18] и Ѓорѓија Пулевски[19]. За жал, денеска сеуште располагаме само со примерок од вториот учебник „Кратка священна историја за училища-та по Македониіѫ (на македонско нарѣчіе)“. Можеме само да претпоставиме дека и јазикот на другите два учебника не се разликувал од употребениот јазик во овој. Тоа беше навистина продолжување на традицијата од учебниците на Анатолија и Партенија во однос на основата во западномакедонските говори, но и во однос на именувањето, а исто така и во духот на концепцијата за единствен официјален јазик на Македонците и Еугарите, по примерот на

---

16 Блаже Конески, *Кон македонската преродба,* 46.

17 На истото место, 44–86.

18 На истото место, 84–86; Д-р Блаже Ристовски, *Портрети и процеси од македонската литературна и национална историја,* I, 148–184.

19 Блаже Конески, цит. дело, 87–97; Д-р Блаже Ристовски, цит. дело, I, 235–327.

виенската спогодба на Србите и Хрватите од 1850 година за заеднички српско-хрватски литературен јазик.

Се разбира, како што укажа уште Блаже Конески[20], притоа „најлесно се обопштувале оние македонизми што се посреќавале со особеностите на црковнословенскиот јазик“, како што се, на пр., „формата за 3 л. едн. сег. време со наставката *-т* (*может, сторит, милват*)“, „употребата на предлозите *во, со* кај Македонците“, членот за машки род еднина (*царьтъ, народъ-тъ*) што претставува отстапка во полза и на бугарскиот, иако ја употребува и неполната членска форма од својот говор *-о*. Тука е многу важна соработката на Македонски со Узунов што доаѓа до израз и во употребата на „чисто охридски форми: *се кажвитъ, се паметвитъ*“, користењето на некои карактеристики на западномакедонските говори како *етъ, се, ова*, формите на *-ает* (*сохраняваетъ*), локалните македонизми како: *чеша, ґредеха, истулкувамъ, се урва, диботъ, умрешка*, па заради објаснение дава и синоними од разни дијалекти, како: *убилъ – опралъ, клалъ – турилъ, армасана – свършена;* објасненијата на македонските зборови со турцизми: *часъ – сахатъ, за-*

[20] Блаже Конески, *Македонскиот XIX век...*, 207–208; истиот, *Кон македонската преродба...*, 46–47.

висть – каскан9жилъкъ, глупава – а9жамицка, жертва – курбанъ, завиѳѣлъ – каскан9исалъ, различни – турліи, заточеніе – сюргюнъ; или со грцизми: *свиѳѣтелствувалъ – мартирисвалъ, учителя – ѳаскало*, но и словенизми: *твьрдь – ягчина, наказалъ – мѫчилъ, колено – семе, служишь – работишь, жертвеника – печивало-то, мѫдрость – умщина* и сл.

Со сето тоа се забележува, како што вели Конески, и една „јазична приемственост, фактор од посебна важност во развитокот на писмениот јазик“, но и „една културна состојба“ и еден „стремеж за востановување на словенската традиција во полн обем и во речникот на нашиот писмен јазик, за којшто нашите учебникари од минатиот век, надвладувајќи ги макар и недоследно локалните рамки, бараа поширока основа“[21].

3.

Бидејќи располагаме само со еден од трите учебника на Македонски, ќе се задржиме накусо на него. Полниот наслов, со сите библиографски податоци, гласи: *Кратка священна историја за училища-та по Македоніѭ (на македонско нарѣчіе) отъ Д. В. Македонскый, Царийградъ. Въ Книгопечатницѫ-тѫ на Македоніѭ. 1867.* На

[21] Блаже Конески, *Македонскиот XIX век...*, 208–209.

третата страница, меѓутоа, насловот на учебникот е значајно изменет: *Священна исторія за малкытѣ македончина.*

Содржината на учебникот може да се види од насловите на поглавјата: *Направеніе на свѣта* (стр. 3), *Пьрви човеци: мѫжь и жена* (4), *Грѣхъ на пьрвы-тѣ човѣцы* (4), *Адамови сынови и внуци* (5), *Ноеви сынови и внуци* (6), *Авраамъ и сынъ му Исаакъ* (7), *Іаковъ и сынове-тѣ му* (8), *Ізраилтяни-тѣ во Егѣптъ* (9), *Ізраилтяни-тѣ излезваятъ изъ Егѣптъ* (10), *Божій законъ* (11), *Кывотъ Скынія и Левити* (12), *Судіи и пьрви царье* (13), *Царство се делитъ на двѣ* (13), *Пророци* (14). Потоа следи *Новый завѣтъ* (15) – од *Рожденіе Христово*, па сѐ до *Вознесеніе Христово и уриваніе на святыя духъ* (22), *Распространеніе Христовото ученіе* (22) со *Край на Новый завѣтъ* (23), *За крьщеніе-то на Бугари-тѣ* (24) и *Истинско събитіе за Бугарскѫ-тѫ Патріаршіѭ* (27–28).

И овој учебник е правен по системот прашања и одговори, а за да се види како изгледа тој, како учеле нашите претходници и каков е јазикот и правописот на учебникот, ќе наведеме мала одломка од почетното поглавје за Стариот завет („*Направеніе на свѣта*“):

Питаніе. *Кой е создалъ и направилъ свѣта и отъ що?*

Отговоръ. *Господъ созданъ и направилъ свѣта отъ нищо, само со думѫ и го наредилъ и устроилъ во шесть дни.*

п. *Що е направилъ во първый день?*

От. *Во първый день направилъ небе-то, земіѫ-тѫ и сетне свѣтлинѫ-тѫ.*

п. *Що во второй день?*

От. *Во второй день твърдь (ягчина).*

п. *Во третій день що е направилъ?*

От. *Во третій день отдѣлилъ водѫ-тѫ отъ сушіѫ-тѫ.*

И така во 24 поглавја Македонски ја претставува целата Библија. Интересно е поглавјето со текстот „*Крьщеніе-то на Бугари-тѣ*“ (24–26), каде што се гледа тогашната историска свест на писмените Македонци и идеологијата за современата состојба и идниот развиток. Иако името Бугарин се прифаќа како обединувачко за Бугарите и Македонците, па во тој правец се прави и заедничкиот јазик, сепак е видлив стремежот да се потенцира она што зборува и за посебноста во историјата и во современоста. Сето тоа е дадено во рамките и духот на историјата што ја посредуваат Јован Раиќ и Паисиј Хилендарски, но и на тогаш расположивите српски, руски и бугарски учебници.

Се тргнува од староселството на Словените во Македонија што како проблем беше

многу важно во актуелната борба против грчките претензии. Како впрочем и сите учебникари од неговото време (сѐ до Пулевски), и Д. Македонски бугарското обележје го употребува со значење на словенско, но е видливо настојувањето да се специфицира и да се издели историјата на Македонија од онаа на Бугарија, давајќи ѝ предимство на македонската.

Така, уште со првото прашање за времето на покрстувањето на „Бугарите" (земајќи ги заедно и Македонците и Бугарите), авторот одговара: „Едны отъ нихъ се крьстиха още въ първый вѣкъ потемъ Рождество Христово, туку понеже ова нихно крьщеніе бѣше чястно, за това тія се наричаха още язичници". И за да уточни „Кои се оныя Бугари, що се крьстихѫ въ начало-то на първый вѣкъ потем Рождество Христово", Д. Македонски одговара: „Тія се Бугари-тѣ, що живѫтъ въ Македоніѭ".

За да го аргументира ова порано покрстување на Словените во Македонија, потпирајќи се врз податоците од Новиот завет и писмата на апостолот Павле, сакајќи да ја потенцира не само староста, туку и светоста на ова покрстување, на прашањето: „Отъ кого се крьстихѫ оны?", авторот го нагласува одговорот: „Отъ Апостола Павла, който най напредъ проповѣдва въ Солунъ и

Филиппи, и като им направилъ христіенскы цьрквы и рѫкоположи Епископы отишелъ во Ахаіiѫ и отъ тамо во Атинѫ".

Овде не случајно се потенцира дека дури по покрстувањето на Македонија апостолот Павле отишол во Атина. Важно беше во тој историски момент да се истакне сѐ што можеше да го засени „првенството" на Грците. И сето тоа требаше да се поврзе и со солунските словенски просветители Светите Кирил и Методија, па затоа на прашањето: „Чіе е татковина Солунъ?", авторот одговара: „На святіи-тѣ и изобрѣтатели-тѣ на Славянскѫ-тѫ азбукѫ, Кырилла, който во монашество-то си се нарече Константинъ, и на по-старый-тъ му братъ Методія".

Во моментот кога Славка Динкова со целото семејство, со помошта и на словенска Русија, се мачеше да го афирмира словенското училиште во Солун и да се претстави историското право над овој важен град, бездруго било многу битно да се истакне токму словенскиот карактер на овој центар уште во старите епохи, заради што подробно се раскажува историјата на школувањето на Браќата „во татковинѫ-тѫ си Солунъ", дека тие се синови на „едного Солунскаго велможа, що се наричаше Левъ, а жена-та му Марія", дека дури после учел заедно со грчкиот цар Михаил III кај

Фотија, каде што добил „духовно званіе и послѣ се скрылъ во пустинѫ“.

За да се истакне пак предимството на Охрид и учеството на Македонија во создавањето на светските културни вредности, Д. В. Македонски го искористува преданието за Јустинијана Прима и на прашањето за Кирила: „Али останѫ за много врѣме?“, поврзува: „Не; народъ-тъ понеже желалъ за него, той се вьрнѫлъ и се сторилъ учителъ на философіиѫ-тѫ и книгохранитель на Свѣтѫ Софіиѫ, църква направена отъ Юстиніана Охридскый“.

Но, како што правеше и Ѓорѓија Пулевски во својата „Славјанскомаѓедонска општа историја“[22], и младиот Македонски оценил дека е мошне корисно да се истакнат и извесни државноправни традиции кај македонскиот народ за да се поткрепат современите стремежи. Затоа авторот ја искористува биографијата на Методија за да се нагласи постоењето на словенско кнежевство во Македонија во границите на Византија, па на прашањето: „какво воспытаніе е зелъ“ Методија, одговара: „Той зелъ домашно воспытаніе, и билъ во военнѫ службѫ дору и нѣколко годины управля-

[22] Ѓорѓија М. Пулевски, *Одбрани страници.* Избор, редакција, предговор и забелешки д-р Блаже Ристовски, Скопје, 1974, 215–257.

валъ 'Княженіе Славенско', сир. былъ управитель во славено-гърцкѫ область".

Особено е видлива оваа тенденција во потенцирањето на древноста, светоста и разграничувањето на христијанската цивилизација и култура во Македонија наспроти значително подоцното (по завладувањето и на Македонија, во 865 год.) покрстување на Борисова Бугарија, како процес што и суштествено се разликува од оној во Македонија: додека во Македонија, како што забележа и К. П. Мисирков подоцна[23], тоа покрстување одело уште од првите години на христијанството и течело одоздола нагоре, во Бугарија тоа станало осум века подоцна и со обратен правец, бидејќи првин тајно се покрстил кнезот Борис и потоа болјарите и народот. Посебно е значајно што кај Македонците тоа се направило постепено и без потреси, додека кај Бугарите тој чин се извршил со многу крв и наеднаш во државата. Како фактори за покрстувањето Д. В. Македонски ги наведува византискиот император, којшто „му се стори нунко (крьстникъ)", и сестрата на Бориса што била „робкыня въ Цариградъ". Но и овој чин не можел да мине без непосредното учество на светиите од Македонија што на одреден

[23] К. П. Мисирковъ, *За македонцките работи*, София, 1903, 142–143.

начин го одразува тогашното историско сознание: Святій Методій, който во онова врѣме се нахождалъ во Римскый дворъ, чюваещемъ оти Борисъ сака да пріеме хрістіенскѫ-тѫ вѣрѫ, дойде во Бугарііѫ и го крьсти со синове-тѣ му и нѣкои отъ дворяни-тѣ му до педесеть душы тайно во еднѫ вечерѫ". Но и кога во 865–866 година бил покрстен целиот народ во бугарската држава, Македонски раскажувањето го завршува со приматот и просветителската улога на Македонија. На прашањето: „Послѣ Борисъ що направи?", следи одговорот: „Прати до гърцкыя цар да му испрате учители отъ онія Бугари, що живеле по Македоніѝ, и на Святы Кириллъ и Методій заповѣда да преведатъ на Славянскый языкъ сички-тѣ цьрковны книгы и тія испълниле желаніе-то на царьтъ и на народъ-тъ".

4.

Оваа историска свест на тогашните Македонци прераснуваше веќе во национална идеологија што добиваше и политички импликации. Решавањето на црковното прашање за православните Словени во Турција беше веќе на прагот. Македонците уште порано инсистираа за обновување на Охридската архиепископија како македонска, но заедничка црква со Бугарите. Меѓутоа, отпо-

рот од другата страна не беше ни мал ни безначаен. Бугарите веќе имаа не само посебна унијатска и протестантска хиерархија, туку и веќе развиена журналистика и своја издавачка дејност во своите културни центри во Турција, но и надвор од неа (пред сè во Романија и во Русија). Се организираа и моќни друштва и комитети што го подзедоа бугарското не само културно-просветно, туку и националноослободително дело, поддржани и од некои соседни и други моќни државни фактори, пред сè од Русија.

Немајќи такви можности ни таква поддршка, Македонците во тој момент се приклонија кон идејата за заедничка борба против елинизацијата, па и за заеднички јазик под заедничко обединително име (како што беше илирското, на пример) и со заедничка црква. Меѓутоа, секогаш притоа настојуваа да го зачуваат и својот субјективитет истакнувајќи ги спецификите на својот културно-историски развиток.

Затоа и Димитар Македонски го искористува пишувањето на архимандритот Натанаил Стојанович (од скопското Кучевиште) во неговата кандидатска работа на Киевската духовна академија што излегуваше во продолженија во цариградските „Бльгарскы книжици“ (1858–1860), потпишана со псевдонимот *Ар. Б-ѳан*, па во своето

последно поглавје во учебникот го вклучи и текстот „*Истинско събытіе за Бугарскѫ-тѫ Патріаршіѩ въ важно преданіе*“ (27–29) со следнава забелешка под текстот: „Ова преданіе писалъ е Арх. Б-данъ споредъ разсказа Нефталимова и Орестова слушатели – Зографскаго калугерина“. Целта на „преданието“ е јасна: уште еднаш да се укаже на славата на Охридската архиепископија, а со тоа и на злосторството што го направиле Грците и особено Патријаршијата со укинувањето на оваа автокефална црква. Тоа беше всушност разгорување на антиелинистичката борба во Македонија и истовремено будење на романтичарското чувство за величината и славата на народното минато за да се постигне што поголема хомогенизација на свеста за неопходноста на борбата како единствен начин за афирмација на националниот идентитет.

Во овој расказ се укажува дека во „каталога на Цариградскы-тѣ Епископы“ имало забележено оти „цариградскый патріархъ Самуилъ чрезъ правителственны мѣрки уничтожилъ во 1767 годинѫ Охридскѫ-тѫ и Ипекскѫ-тѫ Архіепископскѫ независимость“, дека „най-сетный Бугарскый Охридскый Архіепископъ е билъ Арсеный“, којшто го „оставилъ Охридскый Патріаршескый престолъ и отишелъ во Битоліѫ по заповѣдъ отъ патріарха“, но дека „бързо недоброжела-

тели-тѣ гърцы испѫдихѫ го изъ Бытоліѫ“. Не е познато по пишани извори каде го завршил животот охридскиот патријарх, но затоа пак, се вели во учебникот, се носеле преданија од поколение на поколение „до наше врѣме“. Оваа загатка ја решиле „наши сотатковници зографскы калугери“, кои го зачувале споменот дека архиепископот Арсенија бил заточен имено во Зографскиот манастир на Света Гора, каде што и починал и каде што бил погребан. Се наведуваат и подробности за пронаоѓањето на неговите мошти и се цитираат зборовите на Цариградската патријаршија што им ги упатила на нашите духовници: „Ето вы патріархъ вашъ съ когото се гордихте! пріямите го заточенъ и наслаждавайте се, до дѣто що живетъ, защо отъ сега за напредъ не ке имате веке другыго?!...“ Со ова антигрчко поттикнување и будење на свеста за потреба од свој „патријарх“ и завршува расказот.

На крајот на учебников (30–32) е објавен прегледот на 1.440 претплатници („Родолюбиви-тѣ спомоществователи въ Цариградъ“). Преостанатиот тираж бил дистрибуиран по училиштата во Македонија – заедно со букварот. Тоа сигурно претставувало голем стимул и за Кузман Шапкарев, кој независно во истото време подготвил и од 1868 година почнал да ги печати своите бројни учебници „на македонското наречје“.

5.

Тоа предизвикува еуфоричен прием кај народот во Македонија, но и силен и отворен отпор против бесплатно натураните бугарски учебници во македонските училишта. Македонците јавно рекоа дека не го разбираат јазикот на тие учебници и дека сакаат децата да им учат на родниот јазик. Тоа покрена полемика во цариградскиот печат. Бугарското читалиште во Цариград, што материјално ја помагаше и ја раководеше бугарската просвета во Македонија во тоа време, оценило дека со таквиот отпор е загрозена бугарската црковна и национално-просветна пропаганда во Европска Турција. Затоа уште во септември 1869 година, значи само една година по излегувањето на третиот учебник на Д. В. Македонски и по појавата на првите македонски учебници на Кузман Шапкарев, била формирана специјална комисија при Бугарското читалиште, составена од видните национални дејци Иван Најденов, д-р Христо Стамболски и Петко Славејков, за да подготви бугарски учебници на македонското наречје. Самиот Кузман Шапкарев во своите „Материјали“ пишува дека Читалиштето „беше издало неколку основни книшки и беше им ги подарило на тие училишта [во Македонија]. Но отпосле бе-

ше се забележало – сведочи Шапкарев – дека тие подарени учебници со своето горнобугарско или тракиско наречје, на кое беа издадени, не можеле да ја донесат ползата што ја очекувале подарувачите, та затоа се решило во Читалиштето – при нивното второ издание тие книшки да се издадат на македонското наречје. На заседанието што се одржуваше во моментот кога јас влегов во читалишната соба, на дневен ред беше изборот на една тричленска комисија што да го преобрне горнобугарското наречје на спомнатите книшки на македонско"[24].

Но скоро било согледано дека со тоа всушност уште повеќе се потсилува македонското национално чувство и се помага движењето за национален сепаратизам, поради што бил отфрлен таквиот пат за влегување во Македонија. Проблемот за бугарската пропаганда во Македонија станува уште побезболен само по неколку месеци, во наредната година, кога беше издаден султанскиот ферман за основање на Бугарската егзархија и кога легално веќе бугарскиот јазик можеше да се налага во егзархиските озаконети училишта и цркви во Македонија.

[24] Кузман Шапкарев, *За възраждането на българицината в Македония. Неиздадени записки и писма.* Предговор Петър Динеков. Съставителство и редакция Илия Тодоров – Николай Жечев, Български писател, София, 1984, 211.

Цели 20 години подоцна, дури од 1889 година, и српската задоцнета пропаганда побара влез во Македонија преку печатење учебници на еден (по истиот метод) малку србизиран македонски јазик. Меѓутоа, и таков тој сепак беше со поголемо задоволство прифаќан од Македонците, поради што и таа пропаганда скоро се откажа од веќе испробаниот метод. Така, значи, не е Стојан Новаковиќ создател на идејата за посебен македонски литературен јазик и за посебна македонска нација, како што се шпекулира веќе цел еден век во соседството, туку цели 20 години пред тоа се обиде да го искористи тој пат до Македонија неговиот постар учител Петко Рачев Славејков.

Всушност, борбата за македонска национална свест и за издигнување на македонскиот на ниво на литературен јазик имаше веќе долга историја, во која и Димитар Македонски со своите учебници даде свој значаен придонес. Значи, појавата на учебниците на македонски јазик имаа важна функција во будењето и зацврстувањето на македонската национална свест. Затоа и беше така жестока реакцијата против нив. Тоа го покажува и послешното пишување на тогашниот бугарски учител и пропагандист во Македонија Никола Ганчев Еничерев. Тој остро реагира против појавата на учебниците „на македонското наречје“ на Кузман Шапкарев, зашто за тие „преправени учеб-

ници – вели – тој агитираше пред македонските општини за да ги воведат нив во своите училишта. Со тоа се породи едно глуво 'ржење против горнобугарското наречје. Наскоро – пишува Еничерев позаборавајќи ја хронологијата на публикувањето на овие учебници – Шапкарев доби следбеници во лицето на Д. В. Македонски, а пак некојси Мачуковски истовремено зеде да се перчи по весниците дека токмел да издава и граматика на македонското наречје"[25]. Во една полемика со самиот Шапкарев, истиот Еничерев дава и други податоци за ова движење: „Се раскажува – пишува тој – дека г. Шапкарев со вујко си Стрезиди, кога се принудиле да се простат од грцизмот, отпрвин се наречувале не Бугари, ами Словени. Тоа се потврдува и од неговото настојување да ги облекува разните учебници на Груев и Манчов во друг дијалект што тој го нарече македонско наречје и преку кои учебници доста се потруди да може да доведе до расцеп помеѓу Македонците, Тракијците и Мизијците"[26].

Тоа го регистрира и еден друг бугарски учител и пропагандист во Солун, Стефан Салганџиев, кој за тие национални манифестации сред

---

[25] Никола Ганчевъ Еничеревъ, *Възпоминания и бѣлѣжки*, София, 1906, 98.

[26] Н. Г. Еничеревъ, *Г. Шапкаревъ за Прилѣпъ и Охридъ*, „Български прѣгледъ", III, 7–8, София, 1896, 239 заб. 1.

Македонците пишува: „Во тоа време беше завеал оној ветер на одамна замислениот план од некои учители од Западна Македонија, според кој македонската младина да се ограничи да учи и да се развива исклучиво на македонското наречје и за таа цел беа почнале да издаваат и издадоа неколку учебници на тоа наречје, дел од кои беа складирани во магазата на еден од Бошковите прогонувачи“ (во Солун). И карактеризирајќи го македонскиот учител што Солунската општина го прифатила за учител наместо наложуваниот од Цариград бугарски учител Бошков, Салганџиев сведочи: „Новиот учител беше родум од Охрид и роднина на претседателот [на Солунската општина Д. Паунчев]; тој бил роден од мајка Бугарка, а татко Куцовлав – Цинцарин, а самиот зборуваше сосем неправилно. Кога беше запрашуван на која од споменатите две народности припаѓа, тој одговараше: ‘Јас не сум ни Бугарин ни Грк, ниту пак Цинцарин; јас сум чист Македонец, какви што биле Вилип и Александри Македонски и Аристотел вилозоф’. На тоа светило со мешана народност му беше доверено учењето на бугарските деца во Солун на нивниот мајчин јазик, самото не знаејќи бугарски“[27] – заклучува Салганџиев.

[27] Ст. К. Салганджиевъ, *Лични дѣла и спомени по възраждането на солунскитѣ и сѣрски българи или 12-годишна жестока неравна борба съ гръцката пропаганда*, Пловдивъ, 1906, 34–35.

Карактеристично е што уште тогаш Македонците што јавно ја изразуваа македонската национална свест беа напаѓани во бугарските весници или како србомани или како „Цинцари“, но не и како Македонци. Затоа и крушевчанецот Иван Шумков, станувајќи во одбрана на Македонски од таквото неправедно етикетирање, меѓу другото пишува дека „неуморниот деец Д. В. Македонскиј некои од калните бугарски весници ... од завист го нарекоа Цинцарин, но тие се многу излагани“[28].

6.

Димитар Македонски ја започнува својата учителска кариера веднаш по излегувањето на неговите учебници во 1868 година и во текот на неполни три години учителува во Струга, Битола, Воден и Цариград[29]. А кога беше основана Бугарската егзархија и беше насрочено одржувањето на Црковно-народниот собор за конституирање на таа единствена словенска православна црква во Европска Турција, Д. В. Македонски зема активно учество во тоа народно движење (1870–1871). Како делегат од Воденската општина, заедно со

[28] Ив. Б. Шумковъ, *Жалостна книжка по дѣлбата на Македония*, София, 1895, 74.

[29] „Съгласие“, I, 12, 3. IX 1894, IV; Д-р Блаже Ристовски, *Портрети и процеси...*, I, 344–360.

народниот деец Ѓорѓи Гогов од Воден, тој се ангажира да се обезбеди рамноправно учество и на претставниците од македонските епархии во Соборот што започна дури на 1. II 1871 година, како и за избор на претседателот на Воденската општина архимандритот хаџи Павел Божигропски за владика.[30]

[30] Д-р Блаже Ристовски, цит. дело, I, 360–364. Во едно од многуте писма што му ги праќаат од Цариград, на 31. XII 1870 год. Гогов меѓу другото му пишува на Божигропски дека веќе на три писма немаат одговор од него, дека е изненаден од таквото молчење, „бидејќи – вели Ѓ. Гогов – Вашата желба и намера е да работите за својот народ, особено во овие важни за него времиња и за постигнување на таа света цел ги вложувате сите свои морални сили, затоа Ве молам, имајте ја добрината да се погрижите и да се постарате нешто повеќе за Вашата родна *Епархија што е и центар на целата Македонија*, и бидете уверен дека Вашите трудови и жртви ќе бидат овенчани од народот наш во последно време со венци лаворови, и уште Вашето име, ако, се разбира, така дејствувате и работите, идната историја на нашиот народ ќе го напише со златни букви и нашите потомци достојно ќе можат да се гордеат со таквите свои предци“ (Йордан Попъ Георгиевъ, *Материали по църковната борба*, „Сборник за народни умотворения, наука и книжнина“, XXIV, София, 1908, 315). Карактеристично е што токму во тоа време многу и од разни страни се потенцира Македонија како посебна целина: на 14. IX 1870 год. Солунскта општина му пишува на Божигропски дека имено „Солун, како глава на Македонија, ќе е во состојба за сенешто да Ви помогне – да си ја постигнете целта“ (Български исторически архив при Народната библиотека „Св. Кирил и Методий“, София, II. А. 191). Исто така и во в. „Македонія“ (V, 21, 25. V 1871, 2) се наведува дека „секој еден велешанец, од најстариот до најмладиот, ќе го најдеш исполнет со гордост, тој е готов да ти одговори: ‘Јас сум велешанец; ние сме сонцето на Македонија’.“

Но создавањето на Бугарската егзархија засекогаш го осуети обновувањето на Охридската архиепископија. Во Македонија се возбудија духовите и како нагло да узреа „македонското прашање". Уште на 1. VI 1870 год. беше издигнат, како што беше речено во насловот на една статија, „Еден глас за сета Македонија"[31], и се постави јасна демаркација помеѓу *нив* (Бугарите) и *нас* (Македонците). Зашто, пишуваат Македонците, „глупаво нешто би било ако останеме прости набљудувачи, без да го тегнеме она што ќе ни го товарат на грбот", па затоа треба „да си ги опулиме очите многу, особено ние Македонците". Прифаќајќи го вклучувањето во новата егзархиска црква, Македонците отворено прашуваат: „Но пред да се присоединиме, мислиме и сметаме дека ни е должност да ги прашаме и да ни кажат – како ќе пастируваат, според евангелската проповед ли или како до денеска што ни пастирувале грчките владици тирански и деспотски? Зашто, – се вели во статијата – како што ни мириса уште отсега, ќе да навала кон тој пусти деспотизам. Па затоа, не е срамота да ни кажат оти така ќе биде, барем да не си ја бувтаме главата суетно, па најпосле поголеми главоболија да имаме, прашања македонски."

---

[31] *Единъ гласъ за всичка Македонія*, „Македонія", IV, 60, 23. VI 1870, 1–2.

Македонците инсистираат заедничката црква „да ни биде синодална, а не деспотска, и така може да иде нашиот спас од Фенер, инаку пак сме под друг Фенер: токму затоа, еден глас вика за сите Македонци пред публиката и известува дека не е можно вратот да го наведне во ропството на калугерскиот деспотизам отсега натаму."

Значи, пораката беше јасна: Македонците и Бугарите, по волја на султанот, ќе имаат заедничка црква, но тие се два посебни субјекта и затоа Македонците сакаат во новата институција да бидат вклучени како рамноправни и респектирани партнери.

Јавната битка за јазикот, црквите, училиштата и учебниците се водеше во престолнината. Тука беа сконцентрирани и првенците и печатот. „Македонското прашање" во тој момент се изразуваше имено преку таа битка за јазикот и црквата. Одбивањето на Македонците да учествуваат на Црковниот собор од страв да не го покренат прашањето за седиштето на новата црква во Охрид и со тоа да се обнови всушност Охридската архиепископија, предизвика голема јавна расправија. Меѓу другите, во весникот „Право" беше објавена и статијата „Една вистина"[32] што во прв ред

[32] Единъ истиненъ Македонецъ, *Една истина*, „Право", V, 40, 30. XI 1870.

беше насочена против појавата и на првите учебници на македонското наречје на К. Шапкарев. Таа статија му даде директен повод и на редакторот на в. „Македонія“ П. Р. Славејков да се појави со редакциска (непотпишана) статија под недвосмислениот наслов „Македонското прашање“[33]. Тој прв јасно и јавно проговори за онаа „тајна, гибелна за цел народ“ и првпат отворено ја изнесе целата идеологија, контурите на националната програма (што тогаш се конституираше) на македонските национални дејци. Исто така Славејков јасно потврди дека таа идеологија тој ја слушал уште „од пред десетина години од некои од Македонија“ (имајќи го предвид пред сѐ Партенија Зографски и неговите сомисленици кон крајот на 50-тите години), а дека сега, „пред една-две години“, „нови разговори со некои Македонци“ му потврдиле дека „работата не е само голи зборови, туку мисла што мнозина сакаат да ја спроведат во живот“. Иако сега, пред почетокот на Црковно-народниот собор, вели, работата му изгледала „доста деликатна“, меѓутоа, кога „ова прашање веќе излезе на пазар“, тој мора да признае дека не мислел да проговори „никогаш за ова прашање, ако беше се состоело само во одделувањето на

[33] *Македонскый-тъ вѫпросъ*, „Македонія“, V, 3, 18. I 1871, 2.

учебните книги“. Се разбира, тој е против тенденцијата „да се дроби јазикот во училиштата на секакви наречја“, но „кога во раздробувањето влегуваат и други цели, цели за раскинување на уште неустроениот наш народ, тогаш секој има должност да му се спротистави на таквото зло. Таква цел – вели – се гледа имаат некои од македонските наши браќа и таа цел ја кријат тие под превезот на јазикот и на неговите наречја“. Зашто, продолжува Славејков, „многу пати сме слушале од македонистите дека тие не биле Бугари, туку Македонци, потомци на древните Македонци... Тие упорно стојат на своето македонско потекло... Кога старите Македонци живееле на овие истиве места, зошто и денешните жители да не се од македонска крв? Тие се *цели Македонци...*“ Тој укажува и на изразениот страв на Македонците дека „во народните работи ќе бораат горните Бугари, како помногубројни и поразбудени, и дека Македонците ќе останат на второ место. Тоа значат – толкува Славејков – зборовите на македонистите: *Се откинавме од Грците, под други ли да паднеме?*“.

Поттикнат од статијата на Славејков и посебно од дискусијата на Црковно-народниот собор на 10 февруари 1871 година за учеството на македонските претставници и за македонските епархии воопшто, младиот учител Димитар Маке-

донски не можеше да не се најде и лично засегнат и се јави во истиот весник со директен полемички одговор под сличен наслов: „По македонското прашање“[34]. Иако навидум статијата манипулира со бугарското обележје и во тие деликатни историски и лични околности божем ги негира тврдењата на Славејков, всушност авторот ја истакнува токму таа дистинкција помеѓу двата културно-национални ентитета, подвлекувајќи ги македонските корени сè до Александровото време. Македонски меѓу другото пишува:

„Во таквата категорија спаѓате мислам, Г-не Редакторе, од несовршеното или неточно ваше познавање на еден предмет, кога си дозволивте да ѝ бутнете в очи на нашата бугарска публика едно прашање, *македонското*, коешто всушност не постои во нашата Македонија, која со жал го прочита и не може да не проронi врели солзи и да си ја проколни злата судбина што ѝ предодредила таков живот. И навистина, сакате ли да се уверите оти такво ’рѓосано мислење не постои во нашето бугарско отечество, освен можеби кај едно или две приватни лица? – Отидете како Бугарин и публицист при Св. Архиерејски наш собор и Привремената комисија во Ортаќој и ќе имате полно поз-

[34] Д. В. Македонскый, *По македонскыйтъ въпросъ*, „Македонія“, V, 7, 16. II 1871.

нание; или запрашајте ги оние Македонци што се штуткаат денеска по цариградските улици и си ги запустиле куќите и дечињата и тие ќе ви расправат подобро. Ако некои приватни лица, заради некакви приватни каприци или ќеифи умствувале или сонувале такво нешто, како *ѿрасе* македонско, требаше ли да стане теватур работата, та денеска и од претставниците некои да претендираат да бараат да не ги остават да присуствуваат македонските претставници во народниот собор во којшто ќе се разгледува Органскиот устав на нашата самоуправна Бугарска егзархија и како доказ за тоа свое приватно мислење да искажуваат такви грди причини, какви што се, на пример, оние: дека македонските претставници не бивало да присуствуваат на овој собор, зашто божем ќе претендирале да бараат седиште на Бугарскиот егзархат да стане Охрид? или дека ќе се одделеле од другите Бугари и ќе барале посебна хиерархија?? а уште пологично дека Македонците не биле Бугари, туку Цинцари и сл.?!! Оф, логика, о знаење на историјата, о големо умување!

Ние мислиме и веруваме, како што се објавува и во весниците, – продолжува Македонски – дека за претставници се избрани луѓе учени, опитни и со еден збор способни за големото дело што има да го вршат. Но ако овие претставници ги поз-

наваат сите работи и народни потреби така како македонската историја, тешко на кутриот и окајан наш народ. Такви луѓе ли ќе го разгледуваат уставот?! Ако пак тоа е од страв да не би Македонците да се преродат некогаш и да станат какви што биле во древноста и отсекогаш јаки и силни, па да ги завладеат, тоа е таква глупост каква што не би сме помислиле да постои кај некого од нашите Бугари; но бидејќи, за жал, гледаме дека таа се појавува кај некои, ние сме принудени да речеме: не бојте се, браќа претставници, идеже нест бојазни! Македонските ваши браќа секогаш ќе ве уважуваат и ќе ве почитуваат за тоа што вие понапред сте се разбудиле и вие им дадовте ним пример да бараат и тие да си ја откинат јаката од фенерските потисници; не судете за такви важни работи и во овие критични околности толку површно и глупаво; Македонците, бидете уверени, не бладат такво нешто какво што вие си вообразувате оти мислат. И понаучете се малку историјка или изучете ги барем карактерите на историјата и ќе се уверите оти Македонците не се Цинцари, ниту друг некој народ, туку чисти Бугари како вас; од таму ќе научите уште дека Македонците не се загубиле од лицето на земјата, како што си дозволуваат некои да велат, зашто, колку што знаеме ние, тие не згрешиле некогаш, па да зине земјата и да ги голтне.“

Пренесовме голем дел од оваа статија затоа што во голема мера ги изразува ставовите на Д. В. Македонски спрема двете важни прашања што се поставуваа во тој момент: идеологијата на „македонистите“, меѓу кои бездруго Славејков го имаше предвид и самиот него, и посебната историја на Македонците – како потомци и продолжувачи на наследството на античката македонска држава.

Очевидно редакторот Славејков ја сфатил правилно смислата на неговото јавување, па се видел принуден да прави и неколку свои забелешки и објаснувања под текстот на статијата. Тој кажува дека го испуштил лицето што го имал наведено Македонски во статијата како еден од тие „македонисти“, но во друга забелешка пак јасно дава на знаење каков е неговиот однос спрема овие луѓе што го загрозувале реализирањето на тоа здружување: „Почитуваниот автор на статијата – вели Славејков – допушта гледаме оти може да има еден или двајца што по некои каприци или ќеифи можат да имаат такво мислење, коешто го осудивме. Ние мислиме дека ако и само кај половина лице се согледаше такво мислење, требаше да го осудиме и ние ја исполнивме својата должност, за кое не треба да им е мачно на браќата македонски Бугари, зашто злото е заразно и ед-

ниот денеска неразобличен – заразува утре и други.“

И Славејков знае, како и самиот Македонски, дека таквите „македонисти“ не се еден или двајца, дека тие се појавиле уште пред цела една деценија, но тој се труди да ја минимизира и реакцијата на бугарските претставници во Соборот против учеството на Македонците, па во фуснота забележува: „Ако ние сме згрешиле и наместо еден или двајца македонисти сме ги засегнале општо Македонците и сме ги навредиле, во истата грешка паѓа и нашиот дописник кога ги обличува сите претставници, кога такви некакви мисли не се искажуваа, освен од еден-двајца и тоа невини, но предумислено надијани од други за своекорисна цел; никогаш, меѓутоа, тоа нивно мислење не го споделувале другите претставници и поголемиот дел од комисарите“.

7.

Во тоа време Македонски, за да се издржува во Цариград, станува учител во училиштето при Бугарската црква, а заедно со штипјанецот Димитар Павлов, „држат неделни предавања за сите еснафски деца и за други што сакаат да учат“[35], главно печалбари од Македонија. По по-

[35] „Македонія“, V, 11, 16. II 1871, 4.

вод годишниот испит на учениците, на 25. VII 1871 год. имало свеченост на која настапил и Д. В. Македонски наздравувајќи и за „чест и благодарност на нашите просветители Кирил и Методија и разјаснил какво влијание извршиле тие врз нашиот народен бит и ја испеал песната 'И след тисјашта години...'"[36].

Токму тогаш Македонски имал тежок физички судир со цариградските Грци[37], но не успеал да се врати за учител во Воден[38] и продолжува како „подвижен учител" за распрснатите деца од Македонија во Цариград, бидејќи можел поуспешно да ја врши оваа дејност, зашто „го знае и наречјето на тоа население што е повеќето од Македонија"[39]. Меѓутоа, во летото на 1872 година „предвремено" го напуштил училиштето и тргнал за Македонија со намера да учителува во Воден, но, вели во своите спомени, „некои околности, меѓутоа, ме натераа да отидам пак во Битола"[40].

---

36 Н. Начовъ, *Цариградъ като културенъ центъръ на българитѣ до 1877 г.*, „Сборникъ на БАН", XIX, 12, София, 1925, 101–102.

37 *Изъ архивата на Н. Геровъ*, София, 1914, 761; „Македонія", V, 24, 15. VI 1871; „Право", VI, 16, 15. VI 1871.

38 Български исторически архив, II. А. 1775.

39 Стилиянъ Чилингировъ, *Български читалища преди освобождението. Приносъ къмъ историята на българското възраждане*, София, 1930, 572.

40 „Съгласие", II, 10 (60), 28. XII 1895, II.

Се знае дека потоа отишол да учителува во бугарските градови Плевен и Лом[41] што уште беа под Турците, но наскоро пак се вратил во Македонија за учителување во Скопје непосредно пред Руско-турската војна во 1877 година. Тука станал претседател на некаков револуционерен комитет, но бил уапсен и во почетокот на 1878 година бега во веќе ослободената Бугарија[42].

Треба да се одбележи дека во времето на учителската дејност во Македонија Д. В. Македонски се среќавал речиси со сите поистакнати учители и културно-национални дејци, како што беа Држиловци и Динката во Солун, Жинзифов и Мишајков во Битола, Прличев, Сапунџиев, Узунов, Шапкарев и Нелчинов во Охрид и Струга, Божигропски и Гогов во Воден, со Верковиќ во Серес итн. Учествувал во дискусиите дали да се воведе бугарскиот или да се предава на македонскиот јазик во училиштата во Македонија, дали Македонците се потомци на античките Македонци, Словени или – Бугари и сл. Притоа не треба да се заборава зошто и самиот тој си го зел презимето во таа форма.

---

[41] „Сгласие“, I, 12, 3. IX 1894, IV.

[42] На истото место. Во 1877 год. Македонски од Скопје му напишал некакво писмо на Французинот Гамбет и се потпишал како претседател на таков комитет во овој град.

8.

Во Бугарија отпрвин се вработува како главен учител во Самоков, потоа во Софија и конечно станува преподавател во Софиската класична гимназија. Но тогаш веќе ја напушта просветната дејност и се оддава на правната струка. Станува помошник јавен обвинител при Софискиот окружен суд, претседател на Ќустендилскиот окружен суд, ревизор и потоа началник на оддел во бугарското Министерство за правосудство[43].

По предвременото пензионирање се прославува како адвокат на политички процеси во времето на Ст. Стамболов во Софија, кога неколку пати е затворан и прогонуван од бугарските власти[44].

Уште во 1879 год. започнува да го редактира сп. „Христијанско братско слово", а во 1883 год. е редактор на русофилскиот весник „Светлина". Во целото време во 80-тите и 90-тите години објавува статии во разни весници и списанија („Цѣлокупна България", „Независимость", „Народенъ гласъ", „Срѣдецъ" и др.). Постојано соработува во в. „Народни права", а во 1889 год., кога

[43] „Съгласие", I, 12, 3. IX 1894, IV.

[44] На истото место.

охриѓанецот Коста Шахов го префрла својот прв весник „Македония“ од Русе во Софија, Македонски станува негов коредактор – сè до судскиот процес на мајорот Паница, кога пак е уапсен и го прекинува редакторството. Тоа апсење, како што соопштува самиот, не му беше ни прво ни последно. И во 1891 год. по убиството на бугарскиот министер Белчев во Софија тој е пак осомничен и уапсен[45], заедно со Даме Груев, Никола Наумов и други истакнати Македонци што ја поставија основата на „лозарското движење“.

Несомнено најзначајната македонска национално-политичка дејност во овој период Македонски ја развива во рамките на настојувањата да се организира македонската емиграција во Бугарија. Така, уште на 29 јуни 1881 год. тој, заедно со К. Помјанов, Д. Оклев, Г. Разлогов и други го формираат Бугарско-македонското благотворно друштво во Софија, чија цел била да ги помага бедните ученици од Македонија во учителските училишта, а ако дозволат средствата и околностите да се отвори педагошко училиште во Македонија[46]. Во наредните години беа формирани повеќе македонски асоцијации, во

[45] На истото место.

[46] „Извѣстія С.-Петербургскаго славянскаго благотворительнаго общества“, I, 1, С.-Петербургъ, 1883, 26.

кои непосредно или посредно учествуваше и Димитар Македонски.

Меѓутоа, несомнено најзначајна македонска национално-политичка дејност Македонски прејавува на страниците на весникот „Македония“ што под негова редакција станува отворена трибина за афирмација на македонската мисла и ослободителна акција[47].

[47] По доаѓањето на Коста Шахов во Софија во хотелот „Конкордија“ бил одржан состанок на 30–40 истакнати Македонци (на чело со К. Шахов, Д. Македонски, Ив. Шумков и др.), каде што ја разгледуваат концепцијата за еден македонски весник и за македонско организирање врз основа на традициите на Александар Македонски. Тоа предизвикува цела кампања во бугарскиот печат против организаторите и пред сè против основната идеја. Прогонот и нападите, меѓутоа, не ги спречиле да продолжат да го издаваат в. „Македония“ во престолнината на Стамболова Софија („Свобода“, III, 278, 24. VI 1889, 1; III, 280, 1. VII 1889, 3; „Гласъ Македонски“, 23. XII 1894, 1). А „Еден од собраните“ ѝ одговори на „Свобода“ во в. „Македония“ (I, 28, 1. VII 1889, 3) дека биле всушност „многу повеќе отколку што избројала таа“ и дека не се собрале „со некоја зла намера, ниту пак à la Ризов“, туку за „да поразмислиме со какво средство може да се помогне, барем морално“, па со преднамера додава: „Да се собираме, да разгледуваме и да пожртвуваме кој со што може за развитокот, преродбата и обединувањето на нашите сотатковинци во Македонија со нивните слободни браќа, мислиме дека не е ни грев ни срам, ниту пак противзаконско нешто“. Притоа во истиот број весникот нагласува: „Нашите предедовци при Александра и др. ја имаа силата, сега ние сме слаби“. Но „Свобода“ (III, 282, 8. VII 1889, 3–4) пак заканувачки одговори: „Тоа собрание под превезот на несреќна Македонија беше чисто партизанско и шоролопчиско, т.е. à la Ризов. Тоа се свика на таен начин, во него беа повикани не Македонци, а неколку муурции и неколку лесноумни и прости партизани. Во тоа

Бидејќи најголемиот број од прилозите во в. „Македония“ не се потпишани или носат псевдоними, тешко е со сигурност да се распознаат

собрание се зборуваше за Александар Велики и за други големи донкихотски работи, но целта беше сè парата и месната политика. И тоа тераше додека да се скараат помеѓу себеси и да избегаат неколцина од поразумните. Сите присутни не беа повеќе од 12–13 души заедно со едно Цинцарче терзијче што многу се налутило што не сме му го спомнале името во весникот... А пак на фотографчијата муурција, кој, како што нè уверуваат, се осмелил да пцуе преку 'Н[ародни] П[рава]', ние ќе му речеме да си ги налега парталите и да си ја гледа 'црната камера' на својот занает за да не се кае после за постапките“. И „Свобода“ упатува уште една закана кон Македонците воопшто: „Најпосле ги советуваме сите Македонци да се претпазуваат од примките што им ги кројат горните политиканти за да им искубат некоја пара и да ги направат маши за своите партизански и непромислени цели, да ги осудат глупавите проповеди на в. 'Македония' за востание во нивната татковина. Ние ѝ обрнуваме внимание на владата да ги преземе нужните мерки против овие нови Ризовци. Македонците треба да работат чесно, задружно и благоразумно, имајќи ги предвид околностите, а не партизански, разделно и лудечки. Тоа им се диктира и од вистинските интереси на нивната татковина и од гостопримството со кое овде се насладуваат.“ Подоцна самиот К. Шахов во својот нов краткотраен весник си спомнува како „со цел да се покрене една поширока дејност, Стамболовата влада ги заплаши учесниците на тоа собрание со екстернирање во Турција и им ја посочи дупничката граница преку в. 'Свобода'; ги натера престолничките пожарникари на чело со Сп. Костов да ја заплашуваат Редакцијата со растурање на печатницата и со изнатепување на редакторот, кое во времето на Паницовиот процес се сврши со запечатување на печатницата и со уапсување на еден од соработниците во таа редакција [Д. В. Македонски!], без да имаше каков и да е однос со процесот на Паница“ (Николе, *Едно кратко обяснение на раздоритѣ срѣди Македоно-Одринската организация въ Княжеството*, „Македония“, I, 1, Русе, 20. I 1902, 3).

текстовите на редакторот Д. В. Македонски, но сигурно поголемиот дел од носечките редакциски статии се токму негови. Во еден од првите софиски броеви на „Македония“ е објавена една мошне интересна статија под наслов „Мислење за решавање на македонското прашање“[48], во која меѓу другото се предлага: „...македонската емиграција барем привремено треба да ја напушти својата досегашна политика; таа треба да се постави во борбата врз чисто македонска почва и после може да оди успешно напред со своите стремежи“. Авторот препорачува за жителите на Македонија да се употребува само името *Македонци* со што, вели, ќе се олесни обединувањето на усилбите во борбата за политичка слобода на земјата. Затоа ѝ препорачува на емиграцијата дека „ни најмалку нема да згреши и ќе може најправилно да служи за постигнувње на светата идеја ако засега се постави врз чисто македонска почва“, заради што и македонските друштва и организации треба „да се титулираат исклучиво македонски, без да се прибавува: бугаро-, романо-, србо- или елино-“. Авторот вели: „Ние и другпат имаме речено, не е време ние Македонците да изјавуваме желба за наше присоедину-

[48] Единъ Македонецъ, *Мнѣние за рѣшавание на Македонския въпросъ*, „Македония“, I, 36, 19. VIII 1889, 143.

вање кон некоја држава“, бидејќи „во таков случај ќе се воползуваат соседите, Македонија ќе биде раскината“. Во однос на самостојноста на македонската ослободителна борба авторот пишува: „Но сега, по нашето политичко расцепување, во нашата Македонија тукуречи не се гледа таква борба, па по сè изгледа сите и ни го откажуваат сега правото на таквата борба, стремејќи се очигледно да нè завладеат, дури мнозина и од слободните Бугари, макар и без основа, гледаат со една чудна недоверба врз една посамостојна борба од страна на Македонците. Се гледа дека сите му го откажуваат правото на Македонецот и самиот да се бори за олеснување на својот живот, како страдалец да си го издигнува гласот и тој. Сите само една и иста песна пеат: ‘да ги ослободиме нашите браќа’, но да им помогнат на своите браќа да си се ослободат за себеси никој не сака да помага... Сите, се гледа, се плашат од една самостојна борба на Македонците и никоја соседна држава досега не дава да се развие таква, кое, без сомнение, си ги има причините“.

Во врска со покренатите прашања Редакцијата ги кани читателите да се изјаснат, но се јавува само бугарскиот национален деец и русофилски публицист и политичар Св. Миларов со пет одделни писма, но прашањето го поставува

од исклучиво големобугарски, обединистички аспект[49].

Наскоро се јавува одговорот на Миларовите ставови, под наслов „По Македонското прашање“ и под псевдоним „Македонец“[50], под кој веројатно се крие самиот редактор Македонски. Откако го пофалува публицистичкото умеење на Миларов, продолжува: „Но при сите добри квалитети ние ќе одбележиме, прво, дека тој го остава настрана самото прашање поставено од нас и го решава прашањето: како Македонија може да биде ослободена. Читателите помнат, па и г. М[иларов] има прочитано дека ние разгледувавме: врз каква почва да се постават Македонците за дејствување – како Бугари ли, како Срби или Грци. Нашиот заклучок беше Македонците да се постават врз чисто македонска почва, т.е. за да ги убијат сите пропаганди во својата татковина, следствено и г. М[иларов] требаше да го разгледува прашањето што го поставивме. Ние немаме ништо да зборуваме за поставеното пак сега од г. М. прашање што изгледа не е бесцелно разгледувано, ако во него го немаше полното игнорирање на

[49] М., *По Македонский въпросъ*, „Македония“, I, 38 и 39, 6. IX 1889, 151–152; 40, 13. IX 1889, 158–159; 41, 16. IX 1889, 162–163; 42 и 43, 24. IX 1889, 168–169; 45 и 46, 5. X 1889, 178–179.

[50] Македонецъ, *По Македонский въпросъ*, „Македония“, I, 50, 18. X 1889, 195.

правата и должностите на робот, ако не му го откажуваше самото право: борба за олеснување на својот живот".

Одбележувајќи дека Русија и рускиот народ навистина е најголем и најсилен меѓу Словените и треба и должен е да им помага на сите и секогаш и да ги покровителствува, но *Македонец* додава дека „таа голема помош не им дава и не може да им даде право по никакви закони на совршено поробените за бездруго да го чекаат своето ослободување од своите слободни браќа, па колку и да се силни тие". Затоа авторот заклучува: за „ослободувањето на Македонија или начинот за тоа, ќе речеме само дека робот има право да работи и да се бори најпрвин за својата слобода, како и да ги вика или да ги принуди соседите или слободните браќа на помош. Востанието е неприкосновено право на робот. Тоа го признаваат сите закони и сите човекољубиви и разумни луѓе. Никој нема право да му наредува – па и не е во состојба да го направи тоа – на робот да чека или да го одлага водењето на борбата за човечки права, кога тој речиси веќе го загубил трпението и животот не му чини ништо".

По овој одговор веќе Св. Миларов излезе со полн потпис и најотворено го предупреди *Македонец* за „националните задачи" на македон-

скиот народ. Очевидно прашањето за почвата на македонското прашање предизвикало најголем револт кај Миларов, па тој подвикнува: „Сега гледам дека вие ич не се шегувате. Дозволете, впрочем, да ви кажам дека прашањето што го подигате за Македонците, каква народност се тие, влегува исто така во групата на 'природните', неприкосновените појави. Поодделни личности можат да се однародат од прост и подел инает или од интерес, но цел народ, со историја и духовен живот, не може да се однароди..." За Миларов прашањето е мошне деликатно, но недвосмислено: „Македонците треба да дејствуваат и не може инаку да дејствуваат освен како *Буѓари*, ако имаат, се разбира, елементарен човечки лик и чувство, кое впрочем не подлежи веќе на никакво сомнение".

И за прашањето во врска со востанието во Македонија Миларов е сосем јасен. Тој им препорачува на Македонците: „Не лажете се со востание и слични вратоломии и погубни и бесполезни мечти и басни. Не лажете се со 'Европа' и со нејзиното 'христијанство', од кое Македонија никогаш не видела, ниту ќе види, ниту пак може да види облаги. Знамето ваше нека остане: *Санстефанска Буѓарија*. Тоа е единствено реалното и најсигурното. А притоа вдахновувајте го, внедрувајте го, развивајте го стариот, безусловниот *буѓарски*

патриотизам во срцата на вашите интереси овде во Кнежевството и внатре во несреќната област. Не помалку безусловно вардете ја својата, не само христијанска, но *православна* вера. Само таквиот патриотизам ќе ве спаси од Грците и од Србите и од секакви пропаганди и само тој ќе биде најнадежното средство за да достоиме во решавачкиот момент и таму, од каде што би се појавила склоност да се накрни заветот на великиот наш Ослободител"[51].

Пораката навистина беше сериозно сфатена и од Редакцијата. Таа се виде присилена под текстов да искаже и свој став по трите основни прашања. Прво, таа смета дека „секој треба да си го носи народното име", но прашува „дали полесно може да се постигне политичко ослободување на Македонија кога се бара нејзино соединување со Бугарското Кнежевство или со нејзино претворање во автономна област со месна администрација и војска? Според нас, последново полесно може да се постигне отколку првото... Во таков случај и националното прашање во Македонија ќе се реши самото од себе и мечтите на Грците и Србите, како и нивните претензии, ќе исчезнат

[51] С. Мыларовъ, *По Македонский въпросъ. Отговоръ на г. „Македонецъ" (въ бр. 50 отъ „Македония")*, „Македония", II, 1, 5. XI 1889, 2–3.

како дим". И во врска со прашањето за востанието Редакцијата изразува несогласување со Миларов. Тоа право, вели таа, „произлегува од природната склоност на човекот да биде слободен и ништо, никакви околности не можат да го запрат, освен ако самиот роб не се смета достатно подготвен да го преземе, или пак ако господарот се согласи да му ја олесни судбината со давање некои правдини. Робот има света обврска да востанува против господарот за да го натера последниов на отстапки, инаку господарот сам од себеси, непринуден ништо не дава".

По оваа полемика весникот „Македония" сè повеќе еволуира кон ставовите на „Македонец" (Д. Македонски), па и кон автономијата на Македонија како база за „одамна мечтаената балканска федерација"[52]. Тоа беа всушност личните ставови на Д. В. Македонски за основните прашања на македонското ослободително движење. Весникот внимателно ги следеше сите манифестации на македонската емиграција, па ги донесува и уставите и прејавите на разните македонски асоцијации на Македонците во Софија и воопшто во Бугарија.

Но бугарскиот официоз „Свобода" постојано атакуваше токму против Д. В. Македонски,

[52] „Македония", III, 2, 19. I 1891, 1–2.

К. Шахов и д-р К. Помјанов. Весникот јасно им укажа дека „Македонија го има денеска својот законски господар што е пријател на бугарската влада“, па затоа и секакви подобрувања и промени во Македонија може да се направат само „со добрата волја и договорите на тие две влади“. „А оние што брзаат – пишува „Свобода“ – и сакаат на своја глава да ѝ помогнат на таа земја, и за нив вратите не се затворени. Колку чиновници, писари и други има по канцеларииите во Кнежевството, чиј број е приличен, да си го земат букварот и граматиката под кутлук и да заминат за своето родно место. Дваесет души да научат да читаат и да пишуваат, а стотина да убедат дека тие не се само *христијани*, туку и *Бугари*, ползата ќе биде првокласна, без огин и без крв. Да проповедаш *огин* и *крв* од Софија врз грбот на другите, тоа е повеќе од злостор. Зошто Д. Македонски и д-р Помјанов не си поотидат на вилаетот да ја изучат поодблизу својата татковина, да бидат гордост со својот патриотизам и влијание барем на своите родни градови? Нека не се плашат: ниту за Турција тие се страшни, ниту пак Кнежевството ќе дојде во криза да нема за министри“[53].

Весникот „Свобода“ постојано им ја покажува дупничката граница на македонските еми-

[53] *Възстание въ Македония*, „Свобода“, III, 283, 12. VII 1889, 1–2.

гранти што се обидуваа на разни начини и во разни форми да се организираат. „Сите оние грмливи редактори, претседатели на комитети, лиги, друштва и др., местото им е во Македонија, учители“[54].

Во времето кога во „Македония“ беше објавен „Уставот“ на Македонското читалиште во Софија[55], весникот „Свобода“ напиша: „Овој весник – в. ‘Македония’ – како што знаат некои од читателите, по подражание на некогашниот ‘Македонский Гласъ’, до скоро време не престануваше да проповеда востание во Македонија. Познатиот на мнозина овде во престолнината г. Д. М-скиј, како главен негов пишувач, без да му мисли, со една нечуена и смела неразбранштина непрекинато продолжуваше да блуе огин и крв против Турција и секако да ја предизвикува за разни ожесточителни мерки против бугарштината во Македонија, без ни најмалку да се потруди да поразмисли

[54] „Свобода“, III, 265, 10. V 1889, 3. Всушност, уште на 2. VIII 1880 год. бугарскиот егзарх му предложил на министерот за надворешни работи Цанков „да се поканат да земат учителски места во Македонија следниве лица: г-дата Иван Шумков, Чортанов и Дим. Македонскиј. Првиот сметаме да го определиме во Тетово со плата 2500 фр. на година, вториот во Лерин со 2000 фр. и третиот во Скопје со 1500 фр. Сите овие господа живеат во Софија, каде што се водат на државна служба“. Меѓутоа, сите тие ја одбиле оваа понуда (Архивски оддел на ИНИ, фк. II. 84/IV, л. 60).

[55] *Уставъ за построяване на „Македонско читалище“ въ гр. София*, „Македония“, I, 45 и 46, 5. X 1889, 180.

за последиците од тие свои празнозборства. Ние многу добро му ја разбираме целта преку тие херојски походи, правени со полн стомак, во пријатна соба и врз меките постелки; но тој барем требаше да ја следи таа цел со отворени гради и да си ја удира главата од тврдото железо, а не да се крие зад грбот на несреќниците и да се подиграва со нивната горчлива судбина. И веројатно тој немаше да запре можеби за уште долго време од тоа свое 'патриотско одушевување' и да бара под волот теле, ако не беше се видел толку силно искасапен и смачкан од објавеното во 'Свобода' против неговите проповеди за востание во Македонија, па и покрај ветувањето дека ќе ни одговори, беше принуден наместо одговор јавно да рече, како онаа познатата кума лиса, дека е кисело и со тоа заедно да упати на наша адреса неколку нелепости што обично произлегуваат само од еден детински ум или од глава со побелени коси како неговата. Ние очекувавме слични напади и се благодариме од нив, само и само да можевме да го запреме злото и да го видиме самиот него да црвенее јавно пред нас и да признае дека навистина не треба да се пишува за востание во Македонија. Навистина тој, очаен од поразот што го претрпе, се помачи да си припише една туѓа статија објавена во 'Македония', во која исто така се зборува против востание;

но ние му проштаваме за таа негова итрина, прво, зашто човекот е адвокат, и второ, на посрамениот и победениот му се дозволува да бара средство за да го зачува своето достолепие, иако би можеле да му речеме да ја прочита белешката што самиот тој ја направил под таа статија и во која белешка вели дека 'не го дели мислењето на авторот'"[56].

И покрај сите напади, Македонците во Бугарија го продолжуваа своето самоорганизирање. Во септември 1889 год. беше изгласан Уставот на Заемо-спестовната каса на Македонците во Софија[57], но по две години и таа беше задушена. Владата на Стамболов, пишува К. Шахов, „ги пушти против неа пожарникарите и редакторите на в. 'Свобода', кои интригираа, правеа, чинеа, успеаја да ја задушат уште при самиот зародиш, – некои од членовите ги заплашија, го отпуштија претседателот од Министерството за надворешни работи, ја разнебитија"[58].

Но Д. В. Македонски, како декларирен русофил, постојано војуваше со весникот „Свобо-

---

[56] *В. „Македония" и списвачитѣ му*, „Свобода", III, 309, 14. X 1889, 2.

[57] *Уставъ „Заемо-спестовна Касса на Македонци"*, „Македония", II, 5, 24. XI 1889, 3–4.

[58] Николе, *Едно кратко обяснение на раздорътъ срѣди Македоно-Одринската организация въ Княжеството*, „Македония", I, 1, 20. I 1902, 3.

да". Тој во в. „Македония" ја објави во свој превод брошурата „Националните задачи на Русија и мерките за нивното исполнување"[59] што потоа беше публикувана и како посебно издание. Но неочекувано и сеуште необјасниво на 18. XII 1889 година Димитар В. Македонски ја напушта Редакцијата и Софија и „со цел да ги проучи одблизу плановите и дејствата на пропагандите", заминува „во татковината на Св. Кирила и Методија" и останува таму до крајот на јануари 1890 година[60]. Самиот кажува дека ги посетил Солун, Битола и други градови и села во Македонија, но која била вистинската цел и какви биле резултатите не е познато. Се знае, меѓутоа, дека кога беше фатен мајорот Паница за подготвуван пуч во Софија и беа затворени или ставени под надзор мнозина Македонци, печатот објавува: „Д. В. Македонскиј, адвокат овде, заткулисен редактор на в. 'Македония', е уапсен дниве. Се зборува дека имал некаква врска со делото на Паница (?!)"[61]. Весникот „Свобода" грубо ги напаѓа „разни Китанчевци, Македонски, Ризовци и др."[62] И кога Д. В. Македонски бил пуштен, па дури станал и еден од адвокатите што бранел двајца од

[59] „Македония", I, 42 и 43, 24. IX 1889, 166–169 – 51 и 52, 26. X 1889, 197–204.

[60] „Македония", II, 20, 31. I 1890, 3.

[61] „Македония", II, 22, 25. II 1890, 3.

[62] „Свобода", IV, 28. II 1890, 4.

обвинетите на овој процес, бугарскиот официоз пишува: „Лицата што го составуваат кружокот околу весникот на Шахов 'Македония'" се жигосуваат затоа што ги канат Македонците „да се свестат и да се здружат за работа" и зборуваат „за неуспехот на двете овдешни македонски друштва"[63].

Во тоа време и во Македонија и сред нашата емиграција во соседните земји настануваат големи раздвижувања, особено од средината на младата интелигенција. „Македонското прашање" стануваше сè поживо и на меѓународен план. А во Софија Стамболов ја парализираше секоја македонска национална пројава. „Од пет години наваму не се забележува никаков живот меѓу нас" – се вели во уводникот на „Македония". „Пред пет години во слободното кнежевство бевме слободни и ние Македонците да создадеме неколку друштва, бевме на пат за наше здружување и имаше надеж да се олесни нашата положба во нашата татковина – Македонија... Ако навистина се точни информациите што ги добивме од неколку места од Македонија и други во таа смисла од Романија, во еден доста голем дел пак нашинци се зародила идејата да работат за ослободување на Македо-

[63] Македонецъ, *Къмъ печалнитѣ патриоти*, „Свобода", IV, 371, 16. VI 1890, 2.

нија во самостојна државичка. Во таа група наполно исчезнала мислата дека е возможно некогаш соединување на Македонија со Северна Бугарија и сл. Центарот каде ќе ѝ биде не се знае, но во секој случај некаде надвор од нашите краишта"[64].

Од 1890 година навистина започнува една нова струја што ја подземаат македонските студенти и ученици што преминаа неколку бегства – од Македонија преку Србија во Бугарија и пак назад во Македонија. Се постави веќе македонската борба врз нова основа. Тоа наоѓа највидлив одраз и во в. „Македония": „Макар и со претпоставка – мисирковски пишува весникот – ние пак повеќе се надеваме дека виснатите прашања во Европа и во Мала Азија, меѓу кои се наоѓа и нашето – македонското прашање, ќе се решат пак мирно од страна на големите сили. Во секој случај, како сите други, така и нашето прашање силите ќе го решат така како што ќе им биде претставено од разните заинтересирани страни, дека при нашите денешни несреќи, нашето молчење, тоа ќе биде решено во полза на онаа страна што ќе умее повеќе да вика, следствено, интересите на Македонија, интересите на самите нас Македонците нема да бидат земени предвид и сè ќе се реши на наша штета. Нашето општо пос-

[64] „Македония", II, 35, 10. IX 1890, 1.

тоење за во иднината бара од нас едно општо дејствување сега. Имајќи го предвид тоа, ние не треба да стоиме со скрстени раце, ами треба машки да се фатиме за работа. Додека прашањето не е решено ние треба да ги поставиме нашите потреби и себеси и да се откажеме од секакво застапништво од нашите соседи и наречени браќа што речиси го прифатиле начелото: *ѓа нѐ разграбаш и ѓа нѐ разделаш.* Ние се наоѓаме пред една зината пропаст и треба да се погрижиме современе за нашето спасување. Испуштен еднаш и овој момент што толку јавно доаѓа да ни се претстави, како што го испуштивме моментот во времето на Руско-турската војна, ние наполно ќе пропаднеме и достигнувањето на оној велик народен идеал што нѐ движеше досега и за којшто ние сме направиле многу жртви, ќе стане уште потежок за нас, ако не и невозможен. Дека виснатите прашања во Европа е возможно да се решат мирно, потврдува и ова: дека неколку пати веќе некои од европските весници пишуваа за свикување европска конференција што ќе се занимава со разгледувањето на тие прашања, дури еден странски весник во последно време тврдеше дека наскоро во Берлин ќе заседава една европска конференција што ќе ги реши ерменското, критското, бугарското и македонското прашање, како и некои

други такви што го вознемируваат европскиот мир.“[65]

Сеуште не се поставуваше отворено прашањето за посебноста на македонската нација, но се бараше „да се води политичка борба од страна на Македонците врз географска почва, коешто се гледа и попрактично и повеќе ја гарантира целоста на самата Македонија“. Весникот повикува да им се помогне на Ерменците и Критјаните, зашто „меѓу Ерменците, Критјаните и нас Македонците нема никаква разлика“. Бидејќи „самата власт ги помага пропагандистите“, ќе се раздроби народот на разни вери и народности. Поради тоа, врз основите на меѓународниот акт од Берлин, треба „да се постави политичкото прашање врз географска почва“, па таа, „имајќи ја како цел автономијата на земјата, ќе им го одземе најсилното орудие на пропагандистите, ќе го уништи внатрешниот антагонизам и ќе ги обедини сите онеправдани од сегашното тамошно управување. Така во самата Македонија денешниот режим ќе сретне силен отпор...; ќе ги спечалиме симпатиите на сите и возможно е една автономија на Македонија да се добие со помошта на сите тие државички, како и да послужи за реализирање на одамна мечтаената балканска конфедерација“. Значи, „ако мислиме

[65] „Македния“, III, 1, 12. I 1891, 1.

да се бориме за слободата на нас Македонците во нашата татковина, треба да се поставиме како Македонци, да го постигнеме единството на сите што имаат потреба да живеат слободно, мирно и тихо во Македонија".[66]

Во таква атмосфера бегалците од Белград ја поставуваат основата првин на една „тајна дружба" од која потоа произлезе и Младата македонска книжовна дружина во Софија со печатениот орган „Лоза". Првата јавна програмска манифестација ја направи студентот од „дружбата" Никола Наумов, кој под псевдонимот „Јуношескиј" ја објави статијата „Интелигенцијо, црно да ти е лицето!"[67], во која повикува: „Никакви 'легални патишта' не можат да помогнат за разрешување на макед. прашање, зашто не малку легални патишта може да се видат во минатото што се останати 'пусти патишта' во однос на Турција. Затоа, време е веќе македонската интелигенција да преземе самата иницијатива за разрешување на своето прашање; минатото да ѝ послужи како лекција; да не остава македонското прашање да го експлоатираат и да го монополизираат; да покаже пред целиот образован свет дека Македонија има своја

---

[66] „Македония", III, 3, 25. I 1891, 1.

[67] Юношеский, *Интелигенцио, Черно да ти е лицето!*, „Македония", III, 7, 23. II 1891, 1–2.

интелигенција што е во состојба да ги жртвува не само личните интереси, туку дури и самиот свој живот за постигнување на идејата и со тоа да покаже дека македонскиот народ, без разлика на вера и народност, е достоен за политичка слобода и култура, поставувајќи го принципот: *Политичкото макед. прашање врз македонска почва*, а средствата: слобода или смрт."

Во еден друг уводник на весникот се оди и уште понатаму: „Треба значи да си изработиме едно мислење, да усвоиме една програма за сегашните и идните акции, програма што ќе ја сокриеме од сите за да не заприлегаме на јунаците од баснатa 'Орел, Рак и Штука'; треба што поскоро да знаеме што ќе бараме и за што ќе се бориме: или за присоединување кон Кнежевството, како што се правеше досега, коешто ја загрозува *целоста* на Македонија, *или пак очаено да се бориме за самостојноста на Македонија, за целоста на нашата Татковина*"[68].

Но само по четири дена во Софија беше убиен министерот за финансии Христо Белчев и тоа беше повод да бидат уапсени сите поистакнати Македонци што не одеа по политиката на Ст. Стамболов. Беше сопрен и весникот „Македония", а меѓу уапсените, покрај младите студенти Даме

[68] „Македония", III, 9, 11. III 1891, 1.

Груев, Никола Наумов и др., се најде и Димитар В. Македонски[69]. На 27 мај 1891 година еден дел од затворените се ослободени, меѓу нив и Македонски, но дури на 8 јули 1892 година се одржува последниот чин на судскиот процес на 14 обвинети, меѓу кои пак се наоѓа Д. В. Македонски, но Софискиот суд решил „Миларов, Попов, Георгиев и Александар Караѓулев се осудени на смрт", а другите, вклучувајќи го и Македонски „се прогласени за невини"[70].

9.

Таа вонредно богата активност е прекината со апсењата на Д. В. Македонски. Но тој, покрај со журналистиката и дневната политика, се занимава и со истражувачка дејност. Тој објавува значајни портрети за истакнатите дејци Ѓорѓи К. Динката и д-р Константин Мишајков, а исто така и еден прилог за македонската историја[71] и друг од областа на правно-административната област[72]. Во тој период го наоѓаме и Македонски во диску-

[69] „Свобода", V, 537, 29. V 1891, 2.

[70] „Новини", II, 82, Цариградъ, 10. VII 1892, 2.

[71] Д. В. Македонский, *Два документа отъ Пелагонийската (Битолската) епархия*, „Периодическо списание", VIII, 39, София, 1892, 428–434.

[72] Д. В. Македонский, *Нѣколко думи за реда на изпълнението рѣшенията на административнитѣ власти и на духовнитѣ сѫдилища*, „Юридическо списание", V, 3, София, Март 1893.

сиите околу прашањето за фонетскиот правопис[73], а во есента на 1893 година се наоѓа и на една листа кандидати за парламентарните избори[74]. На 6. II 1894 година во Софија се одржува македонско собрание „за да се обмисли прашањето за составување на едно ново друштво што ќе има цел да го проучува битот на Македонија, нејзината историја, сегашната положба и др., а исто така да се помагаат бедните цркви и училишта во оваа земја"[75]. На 27 февруари е прифатен Уставот и е избрана Управата на Друштвото „Татковина" на чело со претседателот Д. В. Македонски[76]. Во мај ист. г. се обновува и Младата македонска дружина што почнува одново да го издава списанието „Лоза", но сега веќе на бугарскиот литературен јазик[77]. Тогаш се основува и младинскиот „Македонски зговор" (при Младата македонска дружина) на Војдан Чернодрински[78]. На 22 декември 1894 година се одржува приредба за која печатот известува: „Сношти во *Македонското читалиште* Литера-

---

73 „Новини", IV, 13, 2. XI 1893, 3.

74 „Новини", III, 98, 7. IX 1893, 3.

75 „Гласъ Македонски", I, 11, София, 6. II 1894, 4.

76 „Гласъ Македонски", I, 15, 6. III 1894, 4.

77 „Гласъ Македонски", I, 24, 8. V 1894, 4.

78 Ср. п. Петровъ, *Македонското дело преди и презъ 1895 г. въ България*, „Илюстрация Илиндень", VI, 7 (57), София, 1934, 7–9.

турно-музичката група *Татковина* даде вечеринка во полза на *Младата македонска дружина*"[79].

Тоа е моментот кога излегува и неофицијалната програма на веќе формираната Македонска револуционерна организација во Солун под наслов „Стамболовштината во Македонија и нејзините претставници", изработена од Вардарски (Петар Попарсов)[80]. И конечно во истото време е формиран и Македонскиот комитет на чело со Трајко Китанчев[81], а со спојувањето со Младата македонска дружина и Братскиот сојуз со 60 делегации „од сите друштва и колонии во Бугарија и Романија" се создава всушност Врховниот македонски комитет во Софија, чиј еден од 15 советници бил избран и Д. В. Македонски[82].

Димитар Македонски, меѓутоа, секогаш тежнеел кон журналистичката дејност. Уште во 1880 година го моли егзархот да издава свој весник во Цариград што би бил наменет за Македонија, но турските власти го одбиле ова барање. Во 1882–1883 година учествува во редактирањето на в. „Свѣтлина", во 1889 веќе со Шахов го издаваат в. „Македония" и дури во 1894 година почнува да

[79] „Гласъ Македонски", II, 5, 23. XII 1894, 4.

[80] На истото место.

[81] „Гласъ Македонски", II, 6, 6. I 1895, 1.

[82] „Гласъ Македонски", II, 22, 7. V 1895, 2–3; „Право", I, 25, София, 9. V 1895, 3–4.

го издава својот последен весник „Съгласие“ што излегува скоро две години и посебно место ѝ посветува на ситуацијата во Македонија и на Македонците во емиграцијата. Но треба да се одбележи дека тој сè повеќе клони кон врховистичката струја во македонското движење.

Кон половината на 1897 година Македонски станува редактор на егзархискиот орган „Новини“ во Цариград. Поради пишувањето на весникот во врска со Виничката афера, весникот привремено е забранет[83], а поради една негова уводна статија во врска со таа афера во в. „Новини“ од 6 февруари 1898 година[84], на 20 февруари човек на Македонската револуционерна организација влегува во станот на редакторот Д. В. Македонски и го застрелува[85]. Убиец е еден цариградски продавач на зеленчук од ресенското село Дупени Ефтим Димитров Гештанов[86], во тоа време вратар на бугарската болница во Цариград.

Димитар Македонски оставил само еден син Александар, кој, како соработник на в. „Масé-

---

83 „Београдске новине“, 11. I 1898.

84 „Новини“, VIII, 28, 6. II 1898, 1.

85 „ *Д. В. Македонски*, „Новини“, VIII, 33, 27. II 1898, 1.

86 Александър Пелтеков, *Псевдоними на дейци в македоно-одринското освободително движение с кратки сведения за революционната им дейност*, „Известия на Института по история на БКП“, 63, София, 1989, 325.

doine“, починал во почетокот на декември 1919 година[87], а само по дваесетина дена починала и мајка му Донка Македонска[88].

Тоа е животниот пат на македонскиот преродбенски деец, учебникар, учител и општественик Димитар Василев Македонски. Неговото разнострано и разнозначно дело уште не е ни целосно познато, ни научно проследено. Со дел од својата дејност, во времето по преселувањето во Бугарија, особено со своите публицистички, новинарски и политички активности, како и со значајните преведувачки зафати и посебно со некои истражувачки обиди, тој има придонес и за бугарската историја и култура. Тоа ниту треба да се премолчува, ниту пак да се негира. Дводомни и повеќедомни дејци има по целиот свет. Па сепак, Димитар Македонски е македонски израз на една бурна и преломна епоха и во спектарот на тие процеси треба и да се оценува и да се рангира неговиот реален придонес во македонската културно-национална историја. Тоа е долг на македонската наука, но и обврска и мера на македонското образование и воспитание.

---

[87] „Македония“, I, 3, София, 6. XII 1919, 2.

[88] „Македония“, I, 9, 27. XII 1919, 2.